**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА**
**на Македонска берза АД Скопје за 2017 година**

**Скопје, Март 2018 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2017 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) коишто влијаеа на работењето на Берзата во 2017 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, правните и нормативни активности, активностите во делот на информатичка и техничка поддршка на берзата, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2017 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2017 година работењето на Македонската берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори и околности од меѓународен и локален аспект, коишто го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза, односно имаа свое влијание врз берзанското тргување со хартии од вредност, а со тоа и врз деловното работење на Берзата како акционерско друштво:

- Растот на светската економија во 2017 година продолжи со забрзано темпо во однос на претходната година и истиот изнесуваше околу 3,7%, при тоа надминувајќи ги предвидувањата. Растот на светската економија се темелеше на широки основи, како од земјите од ЕУ и Азија, така и од САД кои што го предводеа темпо на пораст на светската економија понесени од стимулативните даночни политики на новата американска администрација.[1];

- Се проценува дека во 2017 година македонската економија ќе забележи раст од 1,64%, споредено со растот од 2,9% од претходната година, пред се како резултат на продолжената политичка криза.[2];

- Неекономските фактори во првиот дел од годината имаа влијание врз сентиментот на инвеститорите, односно на обемот на вложување на инвеститорите во домашните хартии од вредност. Повторно не се случија некои позначајни поместувања во однос на отворените прашања кои се поставуваат како услов за реализацијата на определбите на Република Македонија за членство во евроатлантските организации, што и понатаму имаше свое влијание врз однесувањето на инвеститорите на Берзата;

- Во 2017 година монетарната политика на НБРМ не ја промени својата повеќегодишна ориентација, при што основната каматна стапка се задржа на нивото од 3,25%. Стабилноста на макроекономските основи се задржа со отсуство на нерамнотежи во економијата и постепено стабилизирање на очекувањата. Обемот на кредити кои банките ги даваат на нефинансискиот сектор продолжи да расте, но со намалено темпо. На крајот од 2017 година, годишна каматна стапка на дадени денарски кредити изнесуваше 6% (што претставува намалување споредено со каматните стапки од 6,4% во декември 2016 година) додека девизните кредити банките ги пласираа со каматна стапка од 4,8% (што претставува намалување од 0,4% споредено со 2016 година). Каматна стапка на депозитите во денари на крајот од 2017 година изнесуваше 2,2%, додека на девизните заштеди изнесуваше 0,8% (што преставува намалување од 0,2% споредено со 2016 година)3. Евидентно е намалувањето на приносите на најсигурните финаниски инструменти (едногодишни државни записи) кој од каматна стапка со износ од 2,4% во јануари 2017 година се намали на 1,85% на последната аукција во декември 2017 година. Ваквите трендови во 2017 година дефинитивно започнаа да имаат свое влијание на берзанските движења;

- Портфолиото на сите отворените инвестициски фондови во Република Македонија на крајот на 2017 година се зголеми за 49,4% во однос на 2016 година и достигнаат износ од 87,6 милиони евра што (и покрај тоа што најголем дел од средствата доверени на управување беа насочени кон

[1] World Economic Outlook - Update, IMF, Јануари 2018
[2] “Макроекономски индикатори, Министерство за финансии на Република Македонија, јануари 2018 година”
[3] Пондерирани каматни стапки на одобрени кредити и примени депозити, сметковоствени состојби, НБРМ, декмеври 2017 година

вложување во депозити и должнички хартии од вредност издадени од државата), позитивно ги афектираше берзанските движења. Особен импакт имаше стартувањето на првиот фонд што како инвестициска политика се базираше на реплицирање на МБИ 10 индексот.Слични се трендовите и кај пензиските фондови кои на крајот од 2017 година ги зголемија нето средствата за 21,4% во однос на 2016 година и достигнаа вредност од 945,7 милиони евра (сепак, само 3,05% се вложени во македонски акции);

- Како резултат на задолжителната котација на хартиите од вредност и во текот на 2017 на Берзата продолжи задоволителниот обем и квалитет на известувањата од страна на котираните друштва, а со тоа и на транспарентноста на македонскиот пазар на хартии од вредност во целина;

- Во рамките на вкупниот број на котирани компании (107 котирани друштва) 31 друштво исплатиа дивиденди во 2017 година во износ од 165 милиони евра, што во споредба со 2016 година претставува зголемување за 38,6%. Зголемениот износ на исплатени дивиденди во 2017 се должи пред се' на подобрените финансиски резултати на банките;

- Инфлација достигна вредност од 1,4% во 2017 година;

- Стабилен девизен курс;

- Функционална институционална пазарна инфраструктура;

## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2017 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2017 година изнесуваше **4.738.444.919** денари (околу **76,97** милион евра), што е за **56,73 %** повисок во споредба со 2016 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2017 година изнесуваше **2.907.809.921** денари[4] (околу **47,22** милиони евра), што е за **24,67%** повисок во споредба со 2016 година;

    - Прометот остварен со акции во 2017 година изнесуваше **2.728.863.225** денари (околу **44,31** милиони евра), што е за **49,64%** повисок во споредба со 2016 година;

    - Во 2017 година е остварен промет со обврзници од **178.946.696** денари (околу **2,91** милиони евра), што е за **64,84%** понизок во споредба со 2016 година;

- Во 2017 година на Берзата се реализирани **181** блок трансакција (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од **1.817.744.356** денари (околу **29,55** милиони евра), и бележи зголемување од **181,65%** во споредба со 2016 година;

- Во 2017 година реализирани се продажби на акции по пат на јавни берзански аукции во вкупна вредност од **12.890.642** денари (околу **210** илјади евра), што е за **71,69%** помалку во споредба со 2016 година;

- Во 2017 година на Берзата не се реализирани јавни понуди на хартии од вредност;

- Во структурата на прометот доминираат реализираните трансакции на Официјалниот пазар со **60%** учество во вкупниот промет на Берзата во 2017 година. Повторно е зголемено учеството на блокови во вкупниот промет, со процентуално учество од околу 38%. Тргувањето со некотирани хартии од

[4] При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

вредност во 2017 година беше незначително (околу 1%);

- На крајот на 2017 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на **107** друштва, од кои 29 друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација и 78 друштва на подсегментот Задолжителна котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 28.12.2017 година достигна **132,94** милијарди денари (околу **2,16** милијарди евра, што изнесува 22,04% од БДП) и бележи зголемување од **18,37%** во споредба со 2016 година, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува **3,49** милијарди денари (**56,80** милиони евра) што претставува опаѓање за **21,30%** во споредба со 2016 година;

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 28.12.2017 година изнесуваше **2.538,86** што е **18,92%** повисок во однос на вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2016 година кога изнесуваше 2.134,91**.**

- На последниот ден на тргување во 2017 година (28.12.2017 година), од 120 котирани хартии од вредност (обични акции, приоритетни акции и обврзници), 39 се тргуваа во режим на континуирано тргување, додека 81 се тргуваа во режим на аукциско тргување.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2017 и 2016 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2017 година и Јануари-Декември 2016 година, како и структурата на прометот остварен во 2017 година.

| **ПРОМЕТ (денари)** | **Јануари –Декември 2016** | **Јануари –Декември 2017** | **% на промена** |
|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **2.332.462.394** | **2.907.809.921** | **24,67** |
| АКЦИИ | 1.823.563.761 | 2.728.863.225 | 49,64 |
| ОБВРЗНИЦИ | 508.898.633 | 178.946.696 | -64,84 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 9.520.255 | 11.917.254 | 25,18 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 52 | 66 | 26,92 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **645.400.593** | **1.817.744.356** | **181,65** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **45.531.185** | **12.890.642** | **-71,69** |
| **ЈАВНИ ПОНУДИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **0** | **0** | **-** |
| **ВКУПНО** | **3.023.394.172** | **4.738.444.919** | **56,73** |
| **ОБЕМ (хартии од вредност)** | | | |
| **АКЦИИ** | **2.690.001** | **3.543.739** | **31,74** |
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | 2.031.964 | 2.212.942 | **8,91** |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 658.037 | 1.330.797 | **102,24** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **113.440** | **82.106** | **-27,62** |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХВ** | **0** | **0** | **-** |
| **ОБВРЗНИЦИ (НВ во ЕУР)** | **8.844.888** | **3.036.648** | **-65,67** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | 12.765 | 16.045 | 25,7 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | 145 | 181 | 24,83 |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | 23 | 1 | -95,65 |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | 0 | 0 | - |
| **ВКУПНО** | **12.933** | **16.227** | **25,47** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА (денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **115.710.274.852** | **136.338.756.413** | **17,83** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 112.313.643.687 | 132.942.125.248 | 18,37 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 3.396.631.165 | 3.396.631.165 | 0,00 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **4.438.483.765** | **3.493.014.392** | **-21,30** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **120.148.758.617** | **139.831.770.805** | **16,38** |
| **МБИ10** | **2.134,91** | **2.538,86** | **18,92** |
| **ОМБ** | **127,83** | **128,57** | **0,58** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **109** | **107** | **-1,83** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **245** | **244** | **-0,41** |

**Структура на прометот во периодот**
**Јануари - Декември 2017 година**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % на учество | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | 2.839.410.557 | 46.109.996 | 59,92 | 15.798 |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | 68.399.364 | 1.110.135 | 1,44 | 247 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | 1.817.744.356 | 29.535.915 | 38,36 | 181 |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | 12.890.642 | 209.621 | 0,27 | 1 |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | 0 | 0 | 0,00 | 0 |
| **ВКУПНО** | **4.738.444.919** | **76.965.667** | **100** | **16.227** |




## 3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци

Во текот на 2017 година на Берзата е остварен промет од "класичното" тргување во износ од **2.907.809.921** денари (околу **47,22** милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од "класичното" тргување на Берзата во 2017 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2017 година.

**Промет од "класичното" тргување по месеци во 2017 година**



| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на трансакц. | Бр. на денови на тргув. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | | | | |
| Јануари | 164.825.970 | 52.952.770 | 87.000 | 217.865.740 | 3.539.818 | 1.344 | 19 |
| Февруари | 210.579.233 | 12.143.796 | 6.805.631 | 229.528.660 | 3.727.894 | 1.271 | 20 |
| Март | 232.179.178 | 31.245.697 | 10.649.567 | 274.074.442 | 4.449.799 | 1.492 | 23 |
| **Вкупно I квартал** | **607.584.381** | **96.342.263** | **17.542.198** | **721.468.842** | **11.717.512** | **4.107** | **62** |
| Април | 250.932.959 | 1.551.945 | 1.727.080 | 254.211.984 | 4.128.136 | 832 | 18 |
| Мај | 269.983.341 | 21.601.832 | 1.691.133 | 293.276.306 | 4.755.338 | 1.299 | 21 |
| Јуни | 204.054.382 | 12.422.641 | 16.784.012 | 233.261.035 | 3.781.023 | 1.446 | 20 |
| **Вкупно II квартал** | **724.970.682** | **35.576.418** | **20.202.225** | **780.749.325** | **12.664.496** | **3.577** | **59** |
| Јули | 291.151.200 | 30.275.328 | 10.319.421 | 331.745.949 | 5.389.783 | 2.137 | 21 |
| Август | 233.212.053 | 1.994.871 | 1.658.080 | 236.865.004 | 3.849.433 | 1.442 | 21 |
| Септември | 246.355.478 | 9.786.531 | 5.420.315 | 261.562.324 | 4.243.547 | 1.552 | 20 |
| **Вкупно III квартал** | **770.718.731** | **42.056.730** | **17.397.816** | **830.173.277** | **13.482.763** | **5.131** | **62** |
| Октомври | 207.720.698 | 1.030.654 | 6.224.417 | 214.975.769 | 3.496.603 | 1.201 | 20 |
| Ноември | 141.440.696 | 2.673.026 | 2.340.538 | 146.454.260 | 2.381.319 | 1.072 | 22 |
| Декември | 208.028.673 | 1.267.604 | 4.692.170 | 213.988.447 | 3.477.439 | 957 | 19 |
| **Вкупно IV квартал** | **557.190.067** | **4.971.284** | **13.257.125** | **575.418.476** | **9.355.361** | **3.230** | **61** |
| **ВКУПНО** | **2.660.463.861** | **178.946.696** | **68.399.364** | **2.907.809.921** | **47.220.131** | **16.045** | **244** |

## 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2017 година (2,84 милијарди денари) е остварен преку 15.798 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 97,65%. Од тоа, 2,66 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (93,70%) при што се склучени 15,381 трансакција, додека прометот со обврзници изнесува 179 милиони денари (6,30%) и истиот е остварен преку 417 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (68 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2017 година со 2,35% и 247 трансакции. Од тоа, 18 илјади денари отпаѓаат на тргувањето остварено на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување (0,03%) и овој промет е остварен преку 3 трансакции, додека на Слободниот пазар се остварени 68 милиони денари (99,97%) преку 244 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2017 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2017 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **2.660.463.861** | **43.204.128** | **93,70** | **15.381** |
| обични | 2.646.970.998 | 42.985.066 | 99,49 | 15.177 |
| приоритетни | 13.492.863 | 219.062 | 0,51 | 204 |
| ***Обврзници*** | **178.946.696** | **2.905.868** | **6,30** | **417** |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **2.839.410.557** | **46.109.996** | **97,65** | **15.798** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **68.399.364** | **1.110.135** | **100** | **247** |
| ***Пазар акционерски друштва со посебни обврски за известување*** | **18.000** | **292** | **0,03** | **3** |
| обични | 18.000 | 292 | 100,00 | 3 |
| приоритетни | 0 | 0 | 0,00 | 0 |
| ***Слободен пазар*** | **68.381.364** | **1.109.843** | **99,97** | **244** |
| обични | 68.381.364 | 1.109.843 | 100,00 | 244 |
| приоритетни | 0 | 0 | 0,00 | 0 |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **68.399.364** | **1.110.135** | **2,35** | **247** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **2.907.809.921** | **47.220.131** | **100** | **16.045** |







## 3.4. Блок трансакции

### *3.4.1. Администраторски блок трансакции*

Во 2017 година на Берзата беа пријавени вкупно **30** администраторски блок трансакции во вкупна вредност од **1.274.800.585** денари (околу 20,73 милион евра). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 22 блок трансакции во вкупна вредност од 556 милиони денари (9,04 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа реализирани вкупно 8 блок трансакции во вкупна вредност од 719 милиони денари (11,70 милиони евра).

Во продолжение ги презентираме пријавените администраторски блок трансакции по пазарни сегменти во 2017 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | Супер котација | 316.737.600 | 5.150.205 | 4 |
| | Берзанска котација | 194.294.040 | 3.159.253 | 15 |
| | Задолжителна котација | 45.072.478 | 732.886 | 3 |
| **Редовен пазар** | Слободен пазар | 718.696.467 | 11.686.121 | 8 |
| **Вкупно** | | **1.274.800.585** | **20.728.465** | **30** |

*3.4.2. Системски блок трансакции*

Во 2017 година на Берзата беа склучени вкупно **151** системски блок трансакции во вкупна вредност од **542.943.771** денари (околу 8,83 милиони евра). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 131 блок трансакција во вкупна вредност од 511 милиони денари (8,31 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа склучени вкупно 20 блок трансакции во вкупна вредност од 32 милиони денари (521 илјади евра).

Во продолжение ги презентираме реализираните системски блок трансакции по пазарни сегменти во 2017 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | Супер котација | 9.005.528 | 146.431 | 5 |
| | Берзанска котација | 327.211.568 | 5.320.513 | 86 |
| | Задолжителна котација | 174.633.575 | 2.839.570 | 40 |
| **Редовен пазар** | Слободен пазар | 32.093.100 | 521.839 | 20 |
| **Вкупно** | | **542.943.771** | **8.828.354** | **151** |

## 3.5. Јавни берзански аукции за продажба на големи пакети

Во првиот квартал од 2017 по пат на јавна берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети на акции (согласно Анекс 4), беше понуден за продажба пакет од 82.106 акции издадени од Макошпед АД Скопје, со почетна продажна цена од 157,00 денари по акција преку моделот "се или ништо" и се реализира една трансакција во вредност од 12.890.642 денари (210 илјади евра).

## 3.6. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека од вкупниот промет 4.738.444.919 денари (околу 76,97 милион евра) остварен на Берзата во 2017 година, 512.793.195 денари (околу 8 милиони евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (10,84% од вкупниот промет), додека 1.379.580.892 Денари (околу 22 милиони евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (29,17% од вкупниот промет).

Во продолжение е презентирана табела за учеството на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет по месеци во 2017 година:

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | I - XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Купување странски физички** | 1,44% | 0,73% | 0,82% | 1,37% | 1,59% | 1,71% | 1,60% | 1,65% | 2,13% | 0,80% | 0,39% | 0,70% | **1,16%** |
| **Купување странски правни** | 0,04% | 0,74% | 7,10% | 5,57% | 3,05% | 18,37% | 1,17% | 28,14% | 0,00% | 38,76% | 0,40% | 0,93% | **9,68%** |
| **ВКУПНО** | **1,47%** | **1,47%** | **7,92%** | **6,94%** | **4,64%** | **20,09%** | **2,77%** | **29,79%** | **2,13%** | **39,56%** | **0,79%** | **1,62%** | **10,84%** |
| **Купување домашни физички** | 53,77% | 35,56% | 51,08% | 37,58% | 45,46% | 38,94% | 56,01% | 29,10% | 42,69% | 28,40% | 22,90% | 44,57% | **38,21%** |
| **Купување домашни правни** | 44,76% | 62,97% | 41,00% | 55,48% | 49,90% | 40,98% | 41,22% | 41,11% | 55,17% | 32,04% | 76,31% | 53,81% | **50,95%** |
| **ВКУПНО** | **98,53%** | **98,53%** | **92,08%** | **93,06%** | **95,36%** | **79,91%** | **97,23%** | **70,21%** | **97,87%** | **60,44%** | **99,21%** | **98,38%** | **89,16%** |
| **Продажба странски физички** | 0,80% | 1,37% | 0,94% | 1,86% | 2,61% | 1,79% | 3,26% | 3,04% | 4,24% | 1,27% | 0,91% | 0,76% | **1,84%** |
| **Продажба странски правни** | 8,31% | 4,43% | 9,06% | 12,04% | 28,25% | 26,44% | 6,84% | 30,25% | 3,76% | 48,09% | 63,24% | 35,43% | **27,33%** |
| **ВКУПНО** | **9,11%** | **5,80%** | **10,00%** | **13,90%** | **30,87%** | **28,24%** | **10,09%** | **33,29%** | **8,01%** | **49,36%** | **64,15%** | **36,20%** | **29,17%** |
| **Продажба домашни физички** | 53,45% | 69,05% | 58,60% | 57,42% | 44,40% | 47,61% | 57,68% | 38,47% | 63,22% | 22,03% | 16,41% | 43,13% | **44,07%** |
| **Продажба домашни правни** | 37,44% | 25,16% | 31,40% | 28,68% | 24,73% | 24,15% | 32,23% | 28,25% | 28,77% | 28,61% | 19,44% | 20,67% | **26,75%** |
| **ВКУПНО** | **90,89%** | **94,20%** | **90,00%** | **86,10%** | **69,13%** | **71,76%** | **89,91%** | **66,71%** | **91,99%** | **50,64%** | **35,85%** | **63,80%** | **70,83%** |

## 3.7. Индекси на Македонска берза

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

### *3.7.1. Македонски Берзански Индекс – МБИ10*

- вредност на МБИ10 на последниот ден на тргување во 2017 година **(28.12.2017)** изнесува **2.538,86** индексни поени, што значи зголемување од **18,92%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2016 година (**29.12.2016)** година = **2.134,91** индексни поени),
- највисока вредност на МБИ10 во 2017 година е постигната на **28.08.2017** година (**2.704,71** индексни поени),
- најниска вредност на индексот во 2017 година е постигната на **03.01.2017** година (**2.137.32** индексни поени).



| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 15.06.2017<br><br><br><br>15.12.2017 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје,<br>Алкалоид АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Битола, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје,<br>Охридска банка АД Скопје,<br>Македонски Телеком АД Скопје<br>НЛБ Банка АД Скопје и<br>Стопанска банка АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.06.2017 година<br><br>Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 02.01.2018 година |

### *3.7.2. Индекс на обврзници - ОМБ*

- вредност на ОМБ на последниот ден на тргување во 2017 година (**28.12.2017**) изнесува **128,57** индексни поени, што значи зголемување од **0,58%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2016 година (**29.12.2016)** година = **127,83** индексни поени),
- највисока вредност на ОМБ во 2017 е постигната на **27.09.2017** година (**130,67** индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2017 е постигната на **04.01.2017** година (**127,83** индексни поени).




| Датум на извршена ревизија | Вид на ревизија | Состав на индексот | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 15.06.2017<br><br><br><br><br>15.12.2017 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација:<br>RMDEN08,<br>RMDEN09,<br>RMDEN10,<br>RMDEN11,<br>RMDEN12,<br>RMDEN13<br>RMDEN14 и<br>RMDEN15 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.06.2017 година<br><br>Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 02.01.2018 година |

## <u>3.8. Структура на прометот по членки</u>

Остварениот берзански промет во 2017 година е реализиран преку активностите на 11 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2017 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции, каде е прикажана само куповната страна.

**Учество на членките на Берзата во реализираниот промет и трансакции во 2017 година**

| Членка | Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Блокови | % Блокови | Јавни берзански аукции | % Јавни берзански аукции | Јавна понуда на ХВ | % Јавна понуда на ХВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 1.528.051.662 | 26,27 | 823.279.809 | 22,65 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.351.331.471 |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 1.218.949.814 | 20,96 | 394.771.178 | 10,86 | 12.890.642 | 50 | 0 | 0 | 1.626.611.634 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | 553.651.095 | 9,52 | 853.902.688 | 23,49 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.407.553.783 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 327.458.183 | 5,63 | 705.401.531 | 19,4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.032.859.714 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | 705.676.835 | 12,13 | 231.138.428 | 6,36 | 0 | 0 | 0 | 0 | 936.815.263 |
| Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје | SP | 364.341.713 | 6,26 | 201.014.929 | 5,53 | 0 | 0 | 0 | 0 | 565.356.641 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 114.273.827 | 1,96 | 300.293.712 | 8,26 | 12.890.642 | 50 | 0 | 0 | 427.458.181 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 285.198.131 | 4,9 | 109.889.218 | 3,02 | 0 | 0 | 0 | 0 | 395.087.349 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 288.157.015 | 4,95 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 288.157.015 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 231.410.780 | 3,98 | 7.166.900 | 0,2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 238.577.680 |
| Еуростандард Банка АД Скопје | ES | 198.450.785 | 3,41 | 8.630.320 | 0,24 | 0 | 0 | 0 | 0 | 207.081.105 |
| **Вкупно** | | **5.815.619.841** | **100** | **3.635.488.713** | **100** | **25.781.284** | **100** | **0** | **100** | **9.476.889.838** |




Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Илирика Инвестментс АД Скопје со учество од 24,81%. На второ и трето место се Комерцијална банка АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје со учество од 17,16% и 14,85%, соодветно.

## 3.9. Други активности поврзани со тргувањето и функционирањето на БЕСТ системот

Во текот на 2017 година Берзата редовно ги спроведуваше потребните активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- внес на нови хартии за тргување во трговскиот систем;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, поради достасување на обврзници, поради отворени стечајни постапки над некои друштва, поради ненавремено објавување на одлуки од собрание на акционери и др.);
- распоредување на хартии од вредност по соодветни сегменти согласно известувањата од Комисијата за хартии од вредност за запишување и бришење на акционерски друштва од/во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување по разни основи;
- изготвување и објава на календар на денови на тргување на Македонска берза за 2018 година;
- изготвување на список на сите хартии од вредност со кои се тргува без ценовни ограничувања (статички лимити) и оперативни активности по тој основ;
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување;
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи.

За сите вакви активности, членките на Берзата беа соодветно известувани преку апликацијата БерзаНЕТ.

Во текот на 2017 година беше комуницирано со „Постојаната работна група за развој на Правилата за тргување и системот за тргување на Македонска Берза АД Скопје“, со цел да се дискутира околу плановите на Берзата за измени на Правилата за тргување на Берзата, усвоени со Програмата за работа за 2017 година. Заклучоците од состанокот на Постојаната работна група беа презентирани на Одборот на директори при одлучувањето за конкретните прашања.

# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2017 година на Официјалниот пазар на Македонската берза беа котирани 109 акционерски друштва со пазарна капитализација од 112,31 милијарди денари како и 11 државни обврзници со пазарна капитализација од 4,44 милијарди денари.

На крајот од 2017 бројот на котираните друштва се намали на 107 (едно друштво објави стечај и едно акционерско друштво се трансформираше во ДОО), со пазарна капитализација од 132,94 милијарди денари, што претставува зголемување од 18,37%. На крајот од 2017 година бројот на котирани државни обврзници се намали на 10, со пазарна капитализација од 3,49 милијарди денари, што претставува намалување од 21,3%, при што треба да се имаат предвид достасаните ануитети на обврзниците за денационализација и достасувањето на Шестата емисија на обврзници за денационализација.

## 4.2. Котација на нови хартии од вредност

### *4.2.1. Котација на обврзници*

На седницата одржана на 29.12.2017 година Одборот на директори донесе одлука за котација на Официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје на Шестнаесетата емисија на обврзниците за денационализација издадена од Република Македонија, согласно добиено барање и доставен проспект за котација од страна на Министерството за финансии на Република Македонија. Тргувањето со обврзницата за денационализација започна на 05.01.2018 година.

## 4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност

### *4.3.1. Исклучување од котација на обврзници*

Заради достасување на 01.06.2017 беше отстранета од тргување Шесттата емисија на обврзници за денационализација (со шифра на тргување RMDEN06) издадена од Република Македонија.

### *4.3.2. Исклучување од котација на акции*

Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 22.02.2017 година донесе одлука за исклучување од котација на акциите издадени од РЖ КПОР АД Скопје, заради отворена стечајна постапка врз друштвото, почнувајќи од 24.02.2017 година.

Поради преобразба на друштвото во Друштво со ограничена одговорност, на седницата одржана на 20.07.2017 година Одборот на директори донесе одлука акциите издадени од издавачот Агрокуманово АД Куманово да се исклучат од котација на Официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје на 21.07.2017 година.

## 4.4. Преземени мерки согласно Правилата за котација

### *4.4.1. Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација*

➢ *Изречени опомени*

| Датум | Назив на друштво | Преземена мерка | Причини |
|---|---|---|---|
| **20.04.2017** | **РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје** | Опомена | ненавремено објавување на неревидираните финансиски извештаи за периодот 01.01.-31.12.2016 година |
| **20.04.2017** | **ЗК Пелагонија АД Битола** | Опомена | ненавремено објавување на неревидираните неконсолидирани и консолидирани финансиски извештаи за периодот 01.01.-31.12.2016 година |
| **29.05.2017** | **РЖ Интер-трансшпед АД Скопје** | Јавна опомена преку интернет страната на Берзата | необјавување на неревидираниот биланс на успех за периодот 01.01.-31.03.2017 најдоцна до 15.05.2017 година |
| **29.05.2017** | **Макошпед АД Скопје** | Опомена | необјавување на целосните материјали за Собранието на акционери  на друштвото најмалку 7 дена пред денот на одржување на Собранието на акционери |
| **29.05.2017** | **Макстил АД Скопје** | Опомена | необјавување на целосните материјали за Собранието на акционери  на друштвото најмалку 7 дена пред денот на одржување на Собранието на акционери |
| **20.07.2017** | **РЖ Институт АД Скопје** | Опомена | необјавување на целосните материјали за Собранието на акционери  на друштвото најмалку 7 дена пред денот на одржување на Собранието на акционери |
| **20.07.2017** | **ЗК Пелагонија АД Битола** | Опомена | необјавување на целосните материјали за Собранието на акционери  на друштвото најмалку 7 дена пред денот на одржување на Собранието на акционери |
| **20.07.2017** | **Топлификација АД Скопје** | Опомена | необјавување информација за добивањето на пресудата од Апелациониот суд Скопје со кое се одбива тужбеното барање на друштвото |
| **30.10.2017** | **РЖ Услуги АД Скопје** | Опомена | необјавување на известувања поврзани со судските постапки кои се водат против друштвото согласно член 35, став 1, алинеја 7 |
| **30.10.2017** | **РЖ Интер-трансшпед АД Скопје** | Јавна опомена преку интернет страната на Берзата | ненавремено објавување на неревидираните финансиски извештаи за периодот 01.01.-30.06.2017 и образложението кон истите |
| **29.12.2017** | **РЖ Услуги АД Скопје** | Јавна опомена преку интернет страната на Берзата | необјавување на содржината на донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото најдоцна до почетокот на тргувањето на следниот ден на тргување после денот на нивното донесување |

➢ *Суспензија од котација*

На 19.09.2017 година, Одборот на директори на Берзата донесе Одлука за суспендирање од котација на акциите издадени од Топлификација АД Скопје почнувајќи од 20.09.2017 година во рок од 30 дена. Причините поради кои Одборот на директори на Берзата ја донесе одлуката согласно член 53 од Правилата на Котација се објавените јавни повици за одржување на собрание на акционери на Топлификација АД Скопје за 18.10.2017 година свикано од овластено лице од Судот и за 29.09.2017 година свикано од Управниот одбор на Топлификација АД Скопје. Дополнително, Одборот на директори на седницата одржана на 20.10.2017 година оцени дека неизвесноста за разрешување на состојбите во друштвото не е отстранета и донесе одлука за продолжување на суспензијата од котација на акциите издадени од Топлификација АД Скопје во времетраење од 30 дена, почнувајќи од 21.10.2017 година.

На седницата одржана на 16.11.2017 година Одборот на директори повторно ја разгледува состојбата со суспензијата од котиција на акциите издадени од друштвото и оцени дека со успешно спроведеното Собрание на акционери на 31.10.2017 година на кое биле присутни 82,53% од акционерите со право на

глас и на кое се усвоени годишните сметки за 2016 година и избран и воедно запишан во Центарлниот регистар нов Надзорен одбор на друштвото, отстранета е неизвесноста во управувањето со друштвото по што акциите издадени од друштвото продолжи да котира на подсегментот Берзанска котација почнувајќи од 20.11.2017 година.

Во текот на траењето на суспензијата со акциите издадени од Топлификација АД Скопје се тргуваше на Редовниот пазар на Берзата, на подсегментот Слободен пазар, а друштвото известувањата за работењето ги објавуваше на интернет страницата на Берзата согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност.

➢ *Прекини на тргување*

| Назив на друштво | Преземена мерка | Датум | Причини |
|---|---|---|---|
| **Скопски пазар АД Скопје** | Времен прекин на тргување | 20.03.2017 | Необјавување на информација за изречени судски забрани за продажба (отуѓување) и оптоварување со залози на движен и недвижен имот на друштвото, по претхидна објава во дневен печат и елктронски медиуми |
| **РЖ Услуги АД Скопје** | Времен прекин на тргување | 20.11.2017 | необјавувањето на содржината на одлуките од Собрание на акционери преку СЕИ-НЕТ, согласно член 39 став 7 |

*4.4.2. Преземени мерки кон друштва котирани на подсегментот Задолжителна котација*

| Назив на друштво | Преземена мерка | Причини |
|---|---|---|
| **Герас Цунев конфекција АД Струмица, Герас Цунев трговија АД Струмица, Нова стоковна куќа АД Струмица, Јака 80 АД Радовиш** | **Опомена** | ненавремено објавување на неревидирани финансиски извештаи |
| **РЖ Економика АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, ЖАС АД Скопје, Оранжерии Хамзали АД Струмица, Мермерен комбинат АД Прилеп** | **Опомена** | необјавување на содржината на донесените одлуки од Собранието на друштвото најдоцна пред почетокот на тргувањето на следниот ден на тргување после денот на нивното донесување |
| **ИДЕВЕЛОП АД Скопје, Струмица табак АД Струмица** | **Опомена** | ненавремено објавување на неревидирани финансиски извештаи |
| **Единство АД Струмица** | **Опомена** | необјавување на ревидираните консолидирани финансиски извештаи за 2013, 2014 и 2015 година |
| **2 опомени за Благој Туфанов АД Радовиш, Велес табак АД Велес,** | **Јавна опомена** | необјавување на неревидиран финансиски извештаи |
| **Бетон АД Штип, Нова стоковна куќа АД Струмица, Агроплод АД Ресен** | **Јавна опомена** | необјавување на содржината на донесените одлуки од Собранието на друштвото најдоцна пред почетокот на тргувањето на следниот ден на тргување после денот на нивното донесување |
| **Велес табак АД Велес , 2 опомени за Трудбеник АД Охрид, Карбо Нова АД Крива Паланка** | **Јавна опомена** | ненавремено објавување на неревидирани финансиски извештаи |

## 4.5. Објавени известувања преку СЕИ-Нет

Во текот на 2017 година се задржи квалитетот и обемот на објавите на котираните друштва. Во продолжение прикажана е табелата на објави групирана по видот на објави и по пазарни подсегменти:

| Објави на СЕИ-Нет во 2017 | Супер и Берзанска котација | Задолжителна котација | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Број на котирани друштва** | **29** | **80** | **109** |
| Објави поврзани со финансиски извештаи | 247 | 265 | 512 |
| Информации поврзани со Собрание на акционери и одлуки на органите на управување | 220 | 380 | 600 |
| Други ценовно чувствителни информации | 195 | 435 | 630 |
| **ВКУПНО** | **662** | **1080** | **1742** |

# 5. ЧЛЕНСТВО

## 5.1. Членки на Берзата

Во 2017 година, тргувањето со хартии од вредност се вршеше преку 11 членки на Берзата, од кои 6 се банки, а 5 се брокерски куќи. Поради одредени кадровски промени, бројот на овластени брокери за тргување преку БЕСТ системот на почетокот на овој извештаен период изнесуваше 36 брокери, а на крајот на годината изнесување 37 брокери.

# 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2017 година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност, со цел одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност. Првенствено, оваа активност подразбираше редовно вонтеренско следење на тргувањето на Берзата и вонтеренска контрола на членките на Берзата и воочување на евентуални вонредни пазарни состојби, а врз основа на тоа и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации.

Во 2017 година надзорот активно се вршеше согласно Интерните процедури за начинот и постапката за вршење на надзор над тргувањето со хартии од вредност на Македонска берза АД Скопје кои беа донесени на крајот на 2016 година, при што стручните служби на Берзата остваруваа постојана комуникација со членките на Берзата за доставување на потребна документација поврзана со воочени пазарни ситуации.

Согласно Програмата за работа на Македонска берза АД Скопје за 2017 година и Интерните процедури за начин и постапка на вршење на надзор, беше изготвен и спроведен Предлог-План за контроли на членките во 2017 година.

Во текот на 2017 година на дневно ниво се вршеше анализа на состојбата на пазарот преку надзорната станица на БЕСТ системот и соодветни софтверски надзорни алатки, при што Берзата секојдневно ги следеше општите, но и поконкретните пазарни движења и случувања, особено имајќи ги предвид аспектите кои можат да претставуваат индикација за нестандардно пазарно однесување и пракса и можно прекршување на одредбите на законските или подзаконските акти. Во таа насока, во 2017 година се вршеше вонтеренска контрола на членките Берзата од аспект на пазарни однесувања на одредена членка, брокер или инвеститорска сметка кои можат да претставуваат индикации за евентуални неправилности.

Во текот на 2017 година, Берзата спроведе две општи теренски контроли, една наменска теренска контрола, како и четири вонтеренски контроли. После обезбедувањето на потребната документација и обработка на истата, беа изготвени и Записници од контролите и истите беа доставени до членките.

## 7. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

### 7.1.Активности поврзани со апликацијата Broker Office

Во текот на 2017 година, се работеше на креирање на нова верзија на оваа апликација, при што се имплементираа неколку нови извештаи, беа направени поправки одредени неправилности во работењето на апликацијата, како и финализирање на имплементацијата за поврзување со платформата за пренасочување на налози на СЕЕ Линк. По имплементацијата на сите наведени промени, се пристапи кон тестирање на новата верзија. Во текот на 2017 беа пуштени во ѕпотреба 2 нови верзии при што моментално сите членки ја користат последната стабилна верзија на апликацијата.

На почетокот на 2017 година после реализација на сите подготвителни активности, беше пуштена во продукција апликацијата Broker Office и во новата членка – Шпаркасе Банка АД Скопје.

Во периодот од 06.06.- 27.06.2017 беше реализирана обука за вработените во Берзата за пренос на изворниот код на апликацијата. Обуката беше организирана од страна на Берзата од Бања Лука, а истата се реализираше преку конференциски разговори. Целата обука беше снимана, при што беа продуцирани повеќе видео датотеки. Паралелно со оваа активност, се направи и креирање на техничка документација за самиот изворен код.

Во текот на четвртиот квартал од 2017 година, се работеше на организација на активностите во рамките на заедничката корисничката група (во која членуваат сите членки на Берзата). Во тие рамки беа организирани и категоризирани барањата од страна на сите членки во едно барање кон добавувачот, дефинирање на бараните нови функционалности со цел задржување на конзистентноста на системот, како и комуникација со добавувачот и преговарање. Оваа активност ќе продолжи во текот на 2018 година.

Паралелно со горенаведените активности, во текот на 2017 година, континуирано се даваше тековна поддршка на сите членки во секојдневното работење со оваа апликација (промена и креирање на нови урнеци за различни документи кои се продуцираат од страна на апликацијата, промени во провизиите и ценовниците на членките, поддршка во работењето со Интерконт (апликација за сметководство) од аспект на детектирање и исправање на грешки при рачни книжења и сл).

### 7.2. Промени на актуелната web страницата на берзата

Во текот на 2017 година беа реализирани низа активности поврзани со планираните промени на web страницата на Берзата од кои покрај редовните активности би ги издвоиле следниве:

- промени во начинот на креирање настани (Годишната конференција на Берзата), пријавување на настан од страна на посетителите на страницата, како и генерирање на профактури за пријавените учесници.
- Креирање на нов модул за спроведување на анкети – овој модул првично се употреби креирање на новата анкета за доделување на Кристално Ѕвоно што ја доделува Берзата.

Исто така беа реализирани стандардни активности поврзани со промени на web страницата на Берзата како што се поставување на банери, ситни промени во содржината и сл.

### 7.3. Активности поврзани со новата web страна на Берзата

Во текот на 2017 година дирекцијата работеше и на поставување на прототип на новата web страница на Берзата. Во овој дел беа реализирани следниве активности:

- Избор на програмска технологија;
- Подготовка на архитектура на софтверското решение; и

- Тестирање на новиот концептот поставен во прототипот.

По завршетокот на подготвителната фаза се работеше на имплементација на web сервисите преку кои ќе се вчитува содржината на новата web страна на Берзата. Со ваквата поставеност ќе се обезбеди комплетно разделување на презентацискиот дел (frontend) од делот за бизнис логика и пристап до базата на податоци. Технологијата која се користи за реализација на оваа активност (JSON) е соодветно оптимизирана за брза и непречена размена на податоци.

Паралелно со овие активности се работеше на изборот на компанија која би ја реализирала активноста за креирање frontend делот на самата web страна. Воедно, секторот за информатичка и техничка поддршка интензивно работеше на имплементацијата на новата апликација за администрација на web страната на Берзата.Кон крајот на годината Берзата самостојно ги презеде овие активности и го имплементираше презентацискиот дел од web страната до фаза на функционална страница. Редизајнот на овој дел ќе биде реализиран од страна на надворешен дизајнер, а се очекува новата web страна на Берзата да биде пуштена во работа во текот на месец март 2018 година.

### 7.4. <u>Испад на комуникациите</u>

Во месец мај се случија два последователни испади во комуникациите помеѓу Берзата и членките. Првиот испад се должеше на расипување на примарниот уред на кој се терминираат овие конекциите. По замена на овој уред со резервен комуникациите беа повторно воспоставени. Потоа се случи испад и на овој уред. За повторно воспоставување на комуникациите се искористи трет резервен уред, кој мораше претходно да биде соодветно конфигуриран за новата намена. Заради прекините мораше да се изврши стопирање на тргувањето, и соодветно поставување на распоредите за тргување. По завршување на денот за тргување од страна на надворешен добавувач беа обезбедени два резервни уреди, истите беа соодветно конфигурирани за во случај на повторен испад истите да може брзо да се стават во функција.

### 7.5. <u>Набавка на нов централен firewall уред</u>

Имајќи го предвид опишаното во точка 7.4 се пристапи кон барање за понуди со соодветна спецификација за уредите кои треба да се заменат. Во текот на третиот квартал од 2017 година беше реализирана интервентна набавка на нов firewall уред. Активностите во оваа постапка ги опфатија следниве чекори: избор на соодветен уред кој ќе ги покрие моменталните потреби на Берзата, креирање на барање за понуда, евалуација на добиените понуди и склучување на договор со најдобриот понудувач. Во текот на четвртиот квартал од 2017 година беше извршена конфигурација и тестирање на новиот firewall и истиот беше ставен во продукција на крајот од овој квартал, при што миграцијата од стариот на новиот уред се изврши без никакви проблеми.

### 7.6. <u>Анализа за можностите за соработка на Берзата и Депозитарот во доменот на информатичка технологија</u>

Во текот на Ноември и Декември консултант од Република Словенија започна со изработка на Анализа за можностите за соработка на Берзата и Депозитарот во доменот на информатичка технологија. За таа цел, од страна на Секторот за информатичка и техничка поддршка беа дадени одговори на прашања во однос на ресурсите на Берзата во овој дел (технички и човечки). Исто така, во текот на овој период се одржаа два состаноци со консултантот, каде што во детали беа опишани сите процеси на работа во Секторот за информатичка и техничка поддршка.

Целта на ваквата анализа беше уште еднаш да се испитаат можностите за потесна соработка помеѓу Берзата и Депозитарот во доменот на информатичката технологија од аспект на утилизација на ресурсите (технички и човечки), со цел остварување на заштеди во трошоците за тековно одржување и инвестиции за нова опрема.

Анализата изготвена од страна на надворешниот консултант ги потврди интерните претпоставки за можноста за потесна соработка на IT секторите на двете институции, при што беа дадени следниве предлози:

- Да се пристапи кон интеграција на двата дата центри во еден, со што ќе се намалат трошоците за одржување и инвестиции во опрема во иднина, при што Берзата би ги искористила моменталните ресурси на Депозитарот т.е. својата примарна локација би ја пренела во дата центарот на Депозитарот.
- Да се пристапи кон ангажирање на човечките ресурси на Берзата во проектот Портал за издавачи и инвеститори на Депозитарот и тоа во доменот на контрола на работата на надворешниот добавувач, преземање и изворниот код и поставување на апликацијата на инфраструктура на Депозитарот.

## 8. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во рамките на нејзиното нормативно работење во текот на 2017 година, сумарно се прикажани преку следните области:

### 8.1. Изменување и дополнување на важечки акти на Берзата и донесени нови акти

Со цел подобрување и ажурирање на текстовите на постоечките акти на Берзата од аспект на појасна и поефикасна имплементација на истите од страна на субјектите на кои се однесуваат и подобро организирање на пазарот на хартии од вредност, како и подобрување на внатрешната организираност на Берзата, во текот на 2017 година беа направени или започна примената на измените во неколку акти на Берзата.

#### *8.1.1 Измени и дополнувања на Тарифникот за Берзата*

Со измените на Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата кои беа направени во текот на 2017 година и за кои е добиена согласност од страна на Комисијата за хартии од вредност се направи поедноставување и зголемување на ефективноста на надоместокот за тргување преку рекласифицирање на вредносни прагови и соодветните стапки на тарифирање и воведување на минимален надомест за тргување (за трансакции со вредност до 10.000 денари во износ од 50 денари, а за трансакциите во вредност од над 10.001 денар во износ од најмалку 100 денари), се укина претходно важечката тарифна ставка со цел промовирање на што поширока примена на интернет налози при тргувањето на Берзата и се додадоа одредби кои овозможуваат флексибилност во продажбата на берзански информации како специфична област во берзанското работење.

#### *8.1.2 Толкување на Правилата за котација на Берзата*

Имајќи предвид настани кои беа актуелни во текот на 2017 година со друштвото Топлификација АД Скопје и Одлука за суспендирање од котација на акциите издадени од Топлификација АД Скопје донесена од страна на Одборот на директори на Берзата, се наметена потребата од дополнително прецизирање на одредбата од член 53 од Правилата за котација на Берзата која се однесува на суспендирањето од котација на хартиите од вредност издадени од некој издавач од аспект на статусот “котирано друштво“ на друштвото чии хартии од вредност се времено суспендирани од котација.

Толкување на член 53 од Правилата за котација се направи во насока дека суспендирањето од котација не значи дека друштвото го губи статусот на котирано друштво, туку дека се случуваат промени во правата и обврските кои по основ на котација произлегуваат за друштвото. Имено, со толкувањето се прецизираше дека со суспендирањето од котација на хартии од вредност не значи дека издавачот на тие хартии од вредност не е котиран на Берзата за времетраење на суспензијата поради што одредбите од другите закони кои се однесуваат на котирани друштва не би се применувале, туку да се ограничи

друштвото во одредени права и обврски кои произлегуваат од Правилата за котација, особено од аспект на користење на СЕИ-Нет апликацијата на Берзата како медиум за комуникација со инвеститорската јавност, како и прецизирање на позицијата на Берзата за времетраење на суспензијата од котација на хартиите од вредност.

*8.1.3 Донесена Одлука за измени и дополнувана на Правилата за тргување на Берзата*

Кон крајот на годината беше донесена Одлука за измени и дополнувања на Правилата за тргување на Берзата со која се направи измена во периодот на порамнување на трансакциите со харти од вредност и наместо досегашниот Т+3, истиот се замени со период од Т+2 дена од денот на склучување на трансакцијата. Ова се направи согласно регионалната и европската пракса на порамнување на трансакциите со хартии од вредност на регулирани пазари, односно со цел намалена потреба од барање на специјален ден за порамнување, побрз тек на парите од инвеститорите и пренос на хартиите од вредност. Примената на оваа Одлука за измени на Правила за тргување ќе започне во 2018 година

*8.1.4 Донесување на нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места на Берзата и нов Правилник за плати и наградување на вработените на Берзата*

Донесувањето на нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во Берзата произлезе од потребата за зголемување на ефикасноста и флексибилноста во извршување на работните задачи и подобрување на систематизираноста на истите што се прави преку преименување на некои организациони единици, прераспределба на одредени работни позиции од една во друга организациона единица и прераспределба и допрецизирање на одредени работни задачи според потребните квалитети и потенцијали на вработените на Берзата, во рамките на ист минимален број на работни места како при постојаната состојба.

Донесувањето на новиот Правилник за плати и наградување на вработените на Берзата се направи истовремено со донесување на новиот Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места, со цел целосно пресликување и усогласување на категориите работни позиции во двата правилници. Со новиот Правилник за плати и наградување се извршија концептуални промени со цел определување на степенот на сложеност на работните позиции во Берзата и прецизирање и прилагодување на начинот и формата на наградување на вработените на Берзата согласно бројот на вработени и обемот на работа.

## 8.2 Седници на Собранието на акционери на Берзата

*8.2.1. Седница на Годишно собрание на акционери на Берзата на 26.05.2017 година*

Седницата на Годишното Собранието се одржа на 26.05.2017 година и на истата беа усвоени: Годишниот извештај за работа на Македонската берза АД Скопје за 2016 година, Извештајот за работа на Одборот на директори за 2016 година, Финансиските извештаи за 2016 година и Програмата за работа на Македонската берза АД Скопје за 2017 година. Воедно, Собранието на акционери на Берзата ги донесе следните одлуки: Одлука за усвојување на годишната сметка на Македонска берза АД Скопје за 2016 година, Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје во 2016 година колективно и од аспект на поединечни членови, Одлука за именување на ревизор на финансиските извештаи на Берзата во 2017 година и Одлука за покривање на загуба по Годишна сметка за 2016 година. Согласно одредбите од Законот за трговски друштва, на акционерите на Берзата им беше доставен Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Берзата.

## 8.3. Комуникација со Комисијата за хартии од вредност

*8.3.1 Контрола од страна на Комисијата за хартии од вредност изаради утврдување на пазарната капитализација на Берзта и понатамошни актовности за надминување на отворените прапања околку надоместокот за назор*

И оваа година утврдувањето на пазарната капитализација на Берзата на последниот ден на тргување во 2016 година како основ за пресметување на надоместокот за надзор, Комисијата за хартии од вредност го направи преку непосредна контрола спроведена на 01.02.2017 година. Во врска со извршената контрола, Комисијата до Берзата достави Записник во кој е утврдена вкупната пазарна капитализација на сите пазари со состојба на 29.12.2016 година, при што, при утврдување на пазарната капитализација освен што се опфатени сите пазарни сегменти вклучително и Слободниот пазар, е замена предвид пазарната капитализација на друштвата кои согласно претходно донесена Одлуката бр.02-1592/1 од 25.12.2015 година на Одборот на директори на Берзата беа отстранети од подсегментот Слободен пазар на 28.12.2016 година. Имајќи го предвид несогласувањата на Берзата со констатираните состојби и утврдената пазарна капитализација од страна на Комисијата, Берзата, во предвидениот рок, поднесе Приговор на Записникот од контролата во кој беа истакнати забелешки во однос на вклучувањето на пазарната капитализација на избришаните хартии од вредност согласно Одлуката на Одборот на директори од 25.12.2015 година и во однос на вклучувањето на Слободниот пазар во пресметката на пазарната капитализација на Берзата.

После неколку месеци, кон средината месец мај, Комисијата за хартии од вредност до Берзата достави Одговор на Приговорот на Берзата во кој беше истакнато дека Приговорот се одбива како неоснован и дека поради тоа Записникот од контролата на Комисијата од 01.02.2017 година станува конечен. После доставување на Одговорот на Приговорот, на 17.05.2017 година, Комисијата за хартии од вредност до Берзата ги достави Пресметките за надоместокот за надзор кој Берзата треба да го плати за првите четири месеци од годината, во кои се утврдува месечен надоместок за надзор во износ од 768.760,00 денари, како процент аплициран на вкупната пазарна капитализација утврдена во Записникот, кој беше за околу 23% повисок во однос на надоместокот за надзор кој Берзата и' го плаќаше на Комисијата во 2016 година.

Разгледувајќи ги доставениот Одговор на Приговор и доставените Пресметки од Комисијата за хартии до вредност, по опсежна дискуција за истите, Одборот на директори на Берзата на седницата одржана кон крајот на месец мај, заклучи Берзата да достави барање до Комисијата за хартии од вредност и во смисла на член 88, став 5 од Законот за општата управна постапка, да побара од Комисијата за хартии од вредност да ги промени доставените пресметки во соодветен управен акт со цел овозможување на правен лек против задолжувањата за Берзата што истите ги содржат. Воедно, Одборот заклучи Берзата да поднесе официјална Иницијатива до Комисијата со барање за промена на моменталниот концепт на определување и пресметка на надоместокот за надзор на Берзата, односно менување на Тарифникот на Комисијата во овој дел и посоодветно утврдување на висината на оваа тарифна ставка. Барањето за соодветен управен акт и Иницијативата за измени на Тарифникот на Комисијата беа доставени до Комисијата за хартии од вредност на 31.05.2017 година.

Во одговорот што Комисијата за хартии од вредност го достави до Берзата на претходно поднесеното Барање за соодветен управен акт со можност за правен лек против истиот и Иницијативата за измени на Тарифникот на Комисијата беше истакнато дека Комисијата и понатаму останува на ставот дека одредбите до Законот за општа управна постапка не треба да бидат земени превид при утврдување на надоместокот за надзор и беше укажано дека ненавременото плаќање на надоместокот за надзор кон Комисијата повлекува плаќање на камата од страна на Берзата.

Одборот на директори повторно сеопфатно и детално расправаше за понатамошното постапување на Берзата во настаната ситуација по добивање на Одговорот од Комисијата за хартии од вредност во врска со надоместокот за надзор. Согласно заклучоците од расправата на Одборот на директори, Берзата повторно писмено се обрати до Комисијата, пренесувајќи ги ставовите на Одборот на директори околу начинот на кој Комисијата мериторно одлучува за пазарната капитализација на Берзата, повторно изразување на несогласување со утврдената пазарна капитализација за 2016 година, како и изразување подготвеност на Берзата за отпочнување со подмирување на финансиските обврски кон Комисијата по претходно добивање на соодветно Решение, со што истовремено ќе се даде можност за искористување на законски зарагрантираното право на правна заштита. Во дописот беше пренесена отвореноста на

Одборот на директори на Берзата за работна средба со Комисијата со цел директна комуникација за што поскоро изнаоѓање заедничко решение.

Кон крајот на месец Август, Комисијата за хартии од вредност достави одговор на претходно споменатиот допис од Берзата, во кој е наведено дека Комисијата и понатаму останува на ставот дека согласно моменталните законски и подзаконски решенија нема обврска ниту основ за носење на управен акт во конкретниот случај, дека издавањето на пресметка како начин на наплата на надоместокот за надзор се применува повеќе години наназад и дека доколку Берзата не ја исполни обврската за плаќање на доспеаните износи на надоместокот за надзор, Комисијата ќе поведе соодветни постапки за присилна наплата согласно закон и ќе презема други мерки кои се во нејзина надлежност.

Непосредно пред почетокот на седницата на Одборот на директори на која требаше да расправа по доставениот допис од Комисијата, беше добиена покана до Одборот на директори на Берзата за одржување на состанок со членови на Комисијата заради разгледување на отворените прашања во врска со надоместокот за надзор. После одржаниот состанок на 30.08.2017 година, врз основа водените разговори и претходниоте дискусии на Одборот на директори, Одборот одлучи Берзата да започне со подмирување на своите обврски кон Комисијата по основ на надомест за надзор за 2017 година, на тој начин што Берзата ќе го подмири единствено износот на надоместокот за надзор кој се добива кога како основа за истиот ќе се земе пазарната капитализација на Берзата пресметана според општо прифатената методологија која Берзата ја користи и која ги опфаќа хартиите од вредност на Официјалниот пазар на Берзата и на пазарниот подсегмент Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување, невклучувајќи ги хартиите од Слободниот пазар. Беше одлучено ваквиот начин на плаќање на надоместокот за надзор кон Комисијата да биде преиспитан во случај на создавање услови во коишто ќе постои децидна можност за правна заштита против утврдената пазарна капитализација на Берзата за 2016 година од страна на Комисијата и/или доколку се прифати Иницијативата на Берзата за измени на Тарифникот на Комисијата за хартии од вредност од страна на Комисијата. Оттука, на 05.09.2017 година, Берзата изврши плаќање на 4.205.207,00 денари кон Комисијата за хартии од вредност.

После уплатата од Берзата, на 20.09.2017 година до Берзата беше доставен допис од Комисијата за хартии од вредност со наслов "Последна опомена пред отпочнување на постапка за присилна наплата на неподмирен долг", во кој се наведува дека Берзата извршила делумно подмирување на доспеаниот долг по основ на надомест за надзор и дека доколку во рок од седум дена од приемот на опомената Берзата не изврши соодветна и целосна доплата Комисијата за хартии од вредност ќе биде принудена да ги преземе сите мерки согласно позитивните законски прописи.

По разгледување на овој допис од Комисијата за хартии од вредност, Одборот на директори на Берзата остана на ставот дека во услови на непроменети околности кои би влијаеле на моменталниот начин на плаќање на месечниот надомест за надзор, Берзата во моментот не може да го преиспита својот став по ова прашање и треба и понатаму да го врши плаќањето на месечниот надомест за надзор само во износот на т.н. "неспорен дел од надоместокот за надзор за 2017 година. Истовремено, со цел што поскоро надминивање на отворените прашања помеѓу Берзата и Комисијата околку пресметувањето на надометокот за надзор, Берзата достави Барање до Министерството за финансии на Р.Македонија, во кое освен што формално информираше за повеќегодишниот проблем со високиот надомест за надзор кој Берзата и го плаќа на Комисијата, се побара од Министерството за финансии во рамките на своите овластувања и надлежности да ја разгледа можноста за измени на начинот на утврдување на надоместокот за надзор, односно најитно да се вклучи во надминување на овие состојби.

На 03.11.2017 година, од страна на Министерството за финанси беше закажан состанок во врска со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата на кој, присуствуваа и претставници на Министерството за финансии, Комисијата, Централниот депозитар и Берзата. После изнесените ставови и дискусии, на состанокот беше генерално усогласено:

- Берзата да го плати достасаниот износ на надоместок кон КХВ за 2017 година;

- Комисијата веднаш да започне постапка за измена на својот Тарифник во насока на намалување на надоместоците кои ги наплаќа од Берзата и Депозитарот;
- Надоместокот кој Комисијата го наплаќа од Берзата и ЦДХВ да се пресметува со примена на поранешната методологија, односно да се пресметува како одреден процент од остварените приходи според Тарифникот на Берзата и ЦДХВ за кои Комисијата врши надзор, со можност за воведување на предефинирани износи (минимален и максимален праг на надоместокот);
- Откако Комисијата ќе изготви предлог за измени на својот Тарифник, истиот транспарентно да се дискутира помеѓу Министерстовото за финансии, Комисијата, Депозитарот и Берзата;
- Новите изменети стапки на надоместоците од Тарифникот на КХВ да бидат со важност од 01.01.2018 година.

После одржаниот состанок во Министерставото за финансии, Одборот на директори оцени дека доколку Комисијата постапи согласно усогласените заклучоци за очекување е дека повеќегодишните заложби на Берзата за изнаоѓање системско решение за утврдување на надоместокот за надзор врз основа на реалните приходи што ги остварува Берзата од нејзината основна дејност, односно од областите на работење што се предмет на надзор од страна на Комисијата, ќе бидат соодветно преточени во измените на Тарифникот на Комисијата, кои треба да бидат направени до крајот на година, како би се овозможило пресметувањето на надоместокот за надзор во иднина да се прави на начин прифатлив за двете институции. Исто така, Одборот на директори заклучи дека после одржаниот состанок Берзата треба да манифестира подготвеност и отвореност за преземање на активности за надминување на состојбите и што поскоро изнаоѓање на заедничко прифатливо решение за надминување на овој повеќегодишен проблем. Оттука, на 17.11.2017 година, Берзата во целост ги уплати паричните средства на сметка на Комисијата за првите десет месеци од 2017 година, согласно добиените пресметки.

*8.3.2. Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти*

Во текот на 2017 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на извештајниот период Берзата доставуваше други дополнителни дописи и известувања до Комисијата, како на барање на Комисијата за хартии од вредност, така и на своја иницијатива.

## 8.4. Други нормативни активности

*8.4.1 Активности во врска со изработката на новиот Кодекс за корпоратовно управување на акционерски друштва*

Во текот на годината активно се работеше на работната верзија на новиот Кодекс за корпоративно управување на акционерски друштва од страна на претставници на Берзата, Комисијата за хартии од вредност, Институтот на директори и IFC. Новиот Кодекс преставувува комплетно нов текст кој на посистематичен и подетален начин ги разработува принципите и најдобрите практики во корпоративното управување и претставува алатка за подобро и поефикацно корпоративно управување на друштвата. Согласно планот за понатамошни активности, следна активност би било стручно читање на работна верзија на новиот Кодекс и евентуални забелешки на текстот заради негово подобрување.

*8.4.2 Формиран Совет за развој на пазарот на капитал поиницијатива на Берзата*

Од страна на Одборот на директори на Берзата, во текот на годината беше усвоена „Иницијатива за формирање на Совет за развој на македонскиот пазар на капитал“, чија што цел е креирање и имплементација на сеопфатна стратегија за идното позиционирање и развој на македонскиот пазар на хартии од вредност врз основа на системски обмислени решенија во повеќе клучни области. Во Иницијативата беше даден поширок осврт на досегашниот развој на пазарот на капитал во Република Македонија, квантитативните показатели на пазарните состојби, меѓународните трендови во берзанското

работење и новите начини на финансирање преку пазарите на капитал, поради што се констатира потреба од идна координација на развојните активности на пазарот на капитал што би претставувало солидна основа на пристапување кон систематско стимулирање и поддршка на домашниот пазар на капитал.

Откако беше усвоена од Одборот на директори, Иницијативата беше доставена до Министерството за финансии на Република Македонија, со цел добивање поддршка за формирањето на Советот за развој на пазарот на капитал и реализација на предложените активности во Иницијативата. Воедно, поддршка за формирањето на Советот и подготвеност за соработка на овој план беше искажана и од страна на Европската банка за обнова и развој со допис доставен до Берзата.

Кон крајот на годината, со Одлука од Владата на Република Македонија, беше формиран Совет за развој на пазарот на капитал, којшто е составен од 14 претставници на највисоко ниво од надлежните министерства и институциите чиј делокруг на работа е во рамките на или е поврзан со пазарот на капитал во земјава.

На 21.12.2017 година Советот за развој на пазарот на капитал ја одржа својата прва седница со која претседаваше Министерот за финансии. Советот за развој на пазарот на капитал ќе се состанува најмалку еднаш во три месеци, по потреба и почесто, а врз основа на заклучоците ќе се подготвуваат информации и предлог измени на закони кои ќе се доставуваат до Економско-социјалниот совет и Владата на РМ. На првата седница се разгледуваа две теми од исклучителна важност за работењето на Берзата во 2018 година – прашањето за надоместокот за надзор што Берзата го плаќа на КХВ и прашањето за продолжување на задолжителна котација којашто истекува во април 2018 година.

### 8.5. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од надлежните органи и институции, како и од физички лица, кои во текот на извештајниот период во повеќе наврати се обраќаа до Берзата, претежно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

### 8.6. Судски и нотарски постапки

Врз основа на објави во Службен весник на Република Македонија за отворени стечајни постапки, во текот на 2017 година, Берзата поднесе пријави за своите побарувања кон должниците ЕМО АД Охрид во стечај и друштвото РЖ КПОР АД Скопје во стечај.

Во текот на 2017 година, Одборот на директори во неколку наврати расправаше за потешкотиите со кои Берзата се соочува при наплатата на побарувањата од некои котирани друштва од Задолжителната котација по основ на годишен надомест за котација и донесуваше соодветни одлуки и заклучоци.

## 9. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 9.1. Активности во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза

Согласно планот за реализација на обуки во текот на 2017 година во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза, самостојно беше одржана обуката „Основи на анализа на финансиски извештаи", како и обуката „Развој на менаџерските вештини" во соработка со PWC Академијата.

## 9.2. Одржани предавања и презентации

- Во рамките на заложбите да го доближи берзанското работење до што поширок круг на заинтересирани учесници, Берзата на континуирана основа остварува соработката со образовните институции во Република Македонија. Во тие рамки, во текот на 2017 година Берзата ја посетија студенти од Еуроколеџот од Куманово, Факултетот за туризам и угостителство од Охрид, МИТ Универзитет, Меѓународниот Балкански Универзитет, Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делечев“ во Штип, Меѓународниот славјански универзитет, Американ колеџ Скопје и ученици од средно економско училиште од Гевгелија. На покана на Правниот и Економскиот факултет при УКИМ Скопје претставници на Берзата во улога на гостин-предавач одржаа предавања за основните карактеристики на Македонската берза и на другите институции на пазарот на хартии од вредност.

- Во рамките на соработката со Академијата за судии и јавни обвинители, Берзата организираше предавања за судии и јавни обвинители за област која го покрива делокругот на работењето на Берзата, со цел поефикасна имплементација на соодветната легислатива.

- Македонската берза беше вклучена во одбележувањето на почетокот на Глобалната недела на парите (27 март – 2 април) со организирање на презентација за учениците од средното економско училиште Васил Антевски Дрен од Скопје, кои се запознаа со улогата и функциите на Берзата на македонскиот пазар на хартии од вредност, а имаа можност преку берзанскиот електронски систем за тргување да го проследат тргувањето во живо и да се запознаат со начинот на склучување на трансакции со хартии од вредност.

## 9.3. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата

| | |
|---|---|
| 07.03.2017 | Учество на тркалезна маса во врска со измените содржани во новиот Кодекс за корпоративно управување на македонските акционерски друштва во организација на Меѓународната финансиска корпорација, Македонија (IFC). |
| 05.04.2017 | Учество на работилница во Софија за ”MIFID II – Измени во правниот режим на трговијата на пазарите на капитал”, во организација на реномирано адвокатско друштво од Република Бугарија. |
| 20-22.06.2017 | Учество на дводневниот работен состанок организиран од страна на IFC во Виена, на кој се расправаше за кодексите за корпоративно управување и стандардите за транспарентност и обелоденување. |
| 05-07.07.2017 | Учество на Десеттата јубилејна конференција на Народна банка на Македонија за плаќања и пазарна инфраструктура: Двигатели на интеграцијата на плаќањата во Европа – иновации и соработка. |
| 20.09.2017 | Учество на работилница за “Efficient 21st Century Leadership Styles”, во организирацција на AmCham Macedonia, во соработка со Американ колеџ Скопје |
| 28.09.2017 | Присуство на конференцијата „Erste Investors' Breakfast“ во организација на Ерсте Банка и Шпаркасе Банка Македонија. |
| 02-03.11.2017 | Учество на обуката за “Напреден excel – креирање excel dashboard”, во организација на Стопанска комора во Република Македонија. |
| 03.10.-30.11.2017 | Учество на обуката за “Практично водење на сметководство, примена на доночно законодавство и контрола на финансиски извештаи”, организирана од страна на Нова консалтинг и едукација ДООЕЛ Скопје |
| 15.11.2017 | Учество на работилница за “Усвоените измени во Законот за данокот на добивка”, во организирација на AmCham Macedonia, во соработка со Грант Торнтон ДОО Скопје |

| | |
|---|---|
| 25.11.2017 | Учество на работилницата „ Погледи кон иднината, со искуства од минатото, пазарот на хартии од вредност во 2018 " во организација на Комисијата за хартии од вредност |

**9.4. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонската берза**

Во текот на 2017 година се реализираше четвртиот циклус од едукативната игра што се организираше во рамките на порталот на Македонската берза „Виртуелна берза", по што на 01.07.2017 година Берзата ги прогласи тројцата најуспешни учесници овој циклус и им додели соодветни награди: годишна претплата на продуктот Бестнет за следење на тргувањето на Македонската берза во живо, посета на една од обуките во рамките на Тренинг центарот на Берзата, а беше поделен и Прирачник за тргување со хартии од вредност. Од 06.12.2017 година започна петтиот циклус на Виртуелната берза. Со цел поцелосно пресликување на реалното тргување, во овогодинешниот петти циклус се воведени изменети правила на тргување кои се однесуваат на количината на акции со кои може да се тргува на дневна основа и пресметување провизија на склучените купопродажни трансакции.

**9.5. Практична настава за студенти**

Во текот на месец јули 2017 година, во соработка со Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје (УКИМ) беше реализирана едномесечна пракса на студент од четврта година од овој факултет.

## 10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

**10.1. Годишна конференција на Македонска берза**

- На 21.04.2017 година во Охрид се одржа 18-та Годишна конференција на Македонската берза. Покрај двете панел дискусии на тема "Поглед во иднината: public vs private компании" и "Управување со 'other people's money' и пазарот на капитал" на која зедоа учество еминентни домашни и странски експерти, беа презентирани и определени нови трендови како Blockchain, Crowdfunding, процесот на финансирање на стартапи во Швајцарија, а учесниците на конференцијата имаа можност да се запознаат со платформата за финансирање Funderbeam SEE. Медиумски покровител на настанот беше неделникот Капитал кој со неколку интервјуа и написи медиумски ја покри конференцијата.

- За време на одржувањето на 18-та Годишна конференција на Македонска берза по десетти пат беа доделени наградите "Кристално ѕвоно" за најтранспарентните котирани друштва на Берзата и согласно оценките за најтранспарентни котирани друштва на Македонската берза за 2016 година се избраа: Алкалоид АД Скопје – I место, Комерцијална банка АД Скопје – II место и НЛБ Банка АД Скопје – III место.

- За остварувањата што овластените учесници на македонскиот пазар на хартии од вредност ги имаа постигнато во вкупниот промет и вкупниот број на трансакции реализирани на Берзата во текот на 2016 година беа наградени: Илирика Инвестментс АД Скопје за освоено прво место Комерцијална банка АД Скопје за освоено второ место и Еурохаус АД Скопје за освоено трето место.

**10.2. Изработка на респонзивна верзија на официјалната страна на Берзата**

Во 2017 година започнаа активностите за изработка на респонзивна верзија на официјалната интернет страница на Берзата, а се пристапи и кон изработка и тестирање на нова администраторска апликација за управување со истата.

**10.3. Соработка со медиуми**

- Во текот на 2017 година, Главниот извршен дирекор на Берзата гостуваше во емисијата Акцент, имаше интевју за неделникот Капитал (печатено и електронско издание) и интервју за електронскиот портал Фактор.мк.

- Согласно досегашната пракса и соработка со магазинот „Економија и бизнис“, во 2017 година се продолжи со објава на основните берзански показатели за однапред дефиниран период во овој магазин.

- Во 2017 година беа одржани две средби со економските новинари од печатените и електронските медиуми со цел нивно директно информирање за остварените резултати на котираните друштава во извештајните периоди во текот на 2017 година, како и презентирање на основните берзански показатели за соодветните периоди.

**10.4. Промоција на продуктите на Берзата**

- Подготовка и објавување на годишен статистички билтен и месечни статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност;

- Берзата започна со објавување на извештајот „Дневен преглед“ на својата интернет страна како и на социјалните мрежи. Исто така, овој преглед продолжи да се дистрибуира и по електронски пат.

- Берзата континуирано го промовираше продуктот „Бестнет Аналитика“ којшто претставува алатка за анализа на работењето на компаниите што се тргуваат на Берзата и помага во навремено и правилно носење на инвестициски одлуки.

- Берзата изработи видео промотивен материјал за услугата Е–trader, брошура и посебна подстрана на официјалната интернет страна на Берзата со повеќе детали околку овој производ. Со цел промоција на овој видео материјал, Берзата одржа два настани и тоа:

    - видеото за услугата Е–trader беше промовирано пред членките на Берзата и заедно со брошурата за Е–trader беше дистрибуирано до сите членки.
    - видеото за услугата Е–trader беше промовирано пред медиумите (телевизиски, печатени и електронски медиуми). Воедно, Берзата започна кампања за промоција на оваа услуга и видеото беше поставено на порталите Фактор, Факултети.мк и Тиме.мк. Исто така, видеото за услугата Е–trader беше емитувано во телевизиската емисија Фактор24 на ТВ24.

**10.5. Комерцијално огласување на веб страната на Берзата**

- Во текот на 2017 година период беше продолжен договорот со Комерцијална банка АД Скопје за закуп на позиција за рекламирање на банер на банката на интернет страницата на Берзата, а во два наврати беше склучен договор за закуп на рекламен простор на интеренет страницата на Берзата со Илирика Инвестментс АД Скопје.

## 11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2017 година активностите на Берзата на регионално и меѓународно ниво беа фокусирани кон следниве пунктови:

## 11.1. Активности поврзани со регионалниот проектот за пренасочување на налози за тргување - СЕЕ Линк

| | |
|---|---|
| 01.03.2017 | Средба со претставници на сите членки на Берзата на која беа дискутирани состојбите и можностите за нивно поактивно вклучување во работата на платформата за регионално пренасочување на налозите за тргување СЕЕ Линк. |
| 08.03.2017 | Во Виена, Австрија, се одржа работна средба со Raiffeisen Bank на која подетално беа разгледани аспектите и можностите за евентуално инволвирање на банката како специјализиран, неексклузивен агент за порамнување на транскациите склучени преку СЕЕ Линк платформата за тргување. |
| 10.04.2017 | Првата Меѓународна конференција на СЕЕ Линк во Белград на која беа присутни членките на: Белградска, Загребска, Љубљанска и Бугарска берза. |
| 14.06.2017 | Во Скопје се одржа состанок на Надзорниот одбор на СЕЕ Линк. |
| 03.08.2017 | Берзата од Бања Лука (BLSE) стана активен член на мрежата на СЕЕ Линк. |
| 01.09.2017 | Сараевската берза (SASE) стана активен член на мрежата на СЕЕ Линк. |
| 30.11.- 01.12.2017 | Во Софија огранизирана работилница од страна на EBRD за изнаоѓање соодветни решенија за активностите поврзани со поефикасно порамнување на трансакции преку SEE LINK. |
| 30.11.2017 | Во Софија се одржа состанок на Надзорниот одбор на СЕЕ Линк. |

Воедно, во текот на целата година неколку пати месечно се реализираа редовни координациски Skype состаноци околу актуелни прашања и планирање на идните активнисти на СЕЕ Линк.

## 11.2. Учество на меѓународни и регионални настани

Во рамките на континуираните активности за промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност на разни регионални и меѓународни настани од областа на пазарот на капитал, претставници на Македонската берза зедоа учество на следниве настани:

| | |
|---|---|
| 23.03.2017 | Остварена работна средба со претставници на EBRD, Лондон. |
| 29-30.03.2017 | Во рамките на Светскиот берзански конгрес што оваа година се одржа во Будимпешта, Унгарија, на панел дискусијата “Како да се креира оптимална релација помеѓу берзите и државите“ зеде учество Главниот извршен директор Штериев. |
| 05.2017 | Founderbeam SEE отпочна разговори со цел да се испитаат можностите оваа ”crowdfounding” платформа и другите услуги кои ги нуди компанија Funderbeam SEE да станат достапни и на македонскиот пазар. |
| 01.06.2017 | Во рамките на конференцијата „Шумот на парите“ којшто се одржа во Софија во организација на бугарскиот портал profit.bg, Главниот извршен директор на Берзата зеде учество на панел дискусија во која ги презентираше состојбите и перспективите на Македонската берза и СЕЕ Линк. |
| 05.06.2017 | Средба со претставници на EBRD со цел дискутирање на нивните планови за можноста за отпочнување на проект кој би се однесувал на третманот на сопственоста врз акции поседувани од акционери кои долг временски период воопшто не ги практикуваат правата кои произлегуваат од истите. |

| | |
|---|---|
| 05.10.2017 | Во Букурешт, Романија, претставници на Берзата учествуваа на настанот “The Romanian Capital Market in Regional Context: Perspectives for Progress“ во организација на EBRD и берзата од Букурешт. |
| 18-20.10.2017 | Присуство на годишна конференција на Загребската берза. |
| 07.11.2017 | Присуство на годишната конференција на Белградската берза и обезбедување присуство на регионална инвеститорска конференција на котираните друштва Алалоид АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје. |
| 01.12.2017 | Во организација на INVESTOR.BG во Софија, Главниот извршен директор на Берзата учествуваше на панел дискусија посветена на пазарите на капитал во регионот, трендовте, предизивиците и можностите со кои истите се соочуваат. |
| 19.12.2017 | Во Виена, Австрија, учество, заедно со претставници од Министерството за финансии на РМ и Комисијата за хартии од вредност, на првиот состанок на овластените институции на пазарот на капитал на земјите од Западен Балкан (WB6) - проект организиран и финансиран од страна на RCC (Regional Cooperation Council). |

## 12. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА БЕРЗАТА

Податоците во врска со вработувањата и членувањето на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во органи на управување на трговски друштва се прикажани во следнава табела:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на трговски друштва |
|---|---|---|
| Коста Костовски | Еуростандард Банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска Берза АД Скопје-неизвршен член на Одбор на директори<br><br>Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори<br><br>Негорски Бањи АД Негорци, неизвршен член на Одбор на директори |
| Тони Стојановски | Стопанска банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Стопанска банка АД Скопје, член на Управен Одбор<br><br>Македонска Берза АД Скопје-неизвршен член на Одбор на директори |
| Михајло Брова Зиков | Комерцијална банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Петар Трпески | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Кирил Јовановски | Економски факултет при Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ Скопје | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Иван Мишев | Адвокатско друштво Папазовски Мишев | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Горан Анастасовски | КИБС АД Скопје<br>Дејност: Платни системи | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |

Согласно Одлуката бр.02-1461/1 од 28.11.2016 година, Македонска берза АД Скопје исплаќа месечен на надоместок за учество во работата на Одборот на директори единствено на неизвршните-независни членови, односно на неизвршните членови кои не се акционери или вработени во акционери на Берзата.

Примањата за 2017 година на неизвршните-независни членови на Одборот на директори, односно неизвршните членови кои не се акционери или вработени во акционери на Берзата за извршување на функцијата во Одборот на директори на Берзата изнесуваат 12.000 денари нето месечно, по член.

Берзата на сите неизвршни членови на Одборот на директори во 2017 година им нема исплатено други надоместоци за членување во Одборот на директори по основ на бонуси, осигурување и други права.

Неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата немаат остварено надоместоци од членувањето во органите на управување на другите трговски друштва од табелата погоре, освен г-динот Тони Стојановски, чиј надоместоци по овој основ, како и надоместоците по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот се соодветно прикажани во годишниот извештај на Стопанска банка АД Скопје.

Годишните нето примања за 2017 година на останатите неизвршни членови на Одборот на директори на Берзата по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец се следните редоследно според табелата погоре: 2.286.814 денари, 1.221.440 денари, 1.739.154 денари, 1.098.969 денари и 954.064 денари.

Главниот извршен директор не членува во органи на управување на други трговски друштва, а податоците за остварените примања од Берзата за 2017 година се прикажани во глава 13 од овој Извештај.

Податоците за надоместоците и примањата на членовите на Одборот на директори се базираат на податоците што секој член на Одборот на директори лично ги достави до Берзата.

## 13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2017 ГОДИНА

Во 2017 година Македонската берза АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **37.635.072 денари** и истите се за 23,87% повисоки во споредба со приходите остварени во 2016 година, што се должи на повеќе остварени приходи од надоместоци за тргување и останати приходи од дејност оваа година во споредба со претходната година.

**Приходите остварени од камата** изнесуваат **1.199.158 денари** и бележат минимално зголемување од 0,54%. На 31.12.2017 година Берзата има денарски депозити орочени на 12 и 24 месеци во следните банки: Комерцијална банка АД Скопје (10 милиони денари), Стопанска банка АД Скопје (10 милиони денари), Еуростандард банка АД Скопје (10 милиони денари), Халкбанк АД Скопје (10 милиони денари), УНИ банка АД Скопје (9 милиони денари) и ТТК банка АД Скопје (10 милиони денари), со каматни стапки што се движат од 1,55% до 2,5%. Воедно, Берзата поседува 145.583,8215 удели во паричниот фонд на КБ Публикум Инвест чија вредност на 31.12.2017 година изнесува 17.849.813,98 денари. Како резултат на усогласување на објективната вредноста на уделите се остварени приходи во износ од 417.606 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 1.616.764 денари, наспроти ланските 1.535.593 денари. Приходи од финансиски вложувања изнесуваат околу 4% од вкупните приходи на Берзата.

**Приходите по основ на провизии и надоместоци** изнесуваат **28.413.340 денари** и се за 21,23% повисоки во однос на истите во 2016 година. Подолу подетално се презентирани сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на **надоместоци за членство** во вкупен износ од **2.936.000 денари** и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за користење на Берза-Нет и надоместоци за користење на станици за набљудување.

Кај овие приходи е остварено намалување од 13,17% во споредба со минатата година поради наплатените еднократни надоместоци за прием на две членки во 2016 година. Овие приходи учествуваат со 7,8% во вкупните приходи.

- Од **надомест за тргување** во 2017 година се приходувани **17.374.340 денари** што претставува 46,17% од вкупните приходи во 2017 година. Овие приходи во 2017 година се за 47,16% повисоки во однос на остварените во 2016 година, што се должи на зголемениот промет со акции и блок трансакции на Берзата во 2017 година во споредба со 2016 година. Кај приходот по основ на надомест за тргување со акции по основ на склучени трансакции во БЕСТ системот е забележано зголемување од 64,31% (од 6.087.948 денари во 2016 година на 10.003.080 денари во 2017 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи зголемување од 110,68% (од 3.041.694 денари во 2016 година на 6.408.250 денари во 2017 година). Приходите од берзанска провизија од тргување со обврзниците бележат пад од 66,29% (од 2.530.462 денари во 2016 година на 853.050 денари во 2017), додека приходот од тргувањето по пат на јавни берзански аукции бележи намалување од 27,98 (во 2016 изнесува 136.038 денари, а во 2017 година 97.968 денари).

- Остварени се приходи по основ на **надомест за котација** во износ од **8.100.000 денари** или 21,52% од вкупните приходи. Годишен надомест за котација е фактуриран на вкупно 108 акционерски друштва што во текот на 2017 година котираа на Официјалниот пазар на подсегментите Супер котација, Берзанска котација и Задолжителна котација, наспроти ланските 110 котирани друштва.

- Во 2017 година Берзата оствари **останати приходи од дејност** во износ од **7.604.968 денари**, што се за 40,58% повисоки во споредба со истите во 2016 година што се должи на наплатата на новиот приход за превентивно одржување на софтверскиот систем за брокерско работење (согласно договорите склучени со сите членки) почнувајќи од март 2017 година, зголемените приходи од дистрибуција на податоци преку Виенската берза, како и приходите од спонзорства и котизации за учество на 18-тата Годишна конференција на Берзата. Во останати приходи од дејност спаѓаат приходи од дистрибуција на берзански податоци, приход од превентивно одржување на софтверскиот систем за брокерско работење, приходи од спонзорства, приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, закуп на медиумски простор на веб страницата на Берзата, приходи по основ на користење на веб страна на Берзата за објави на податоци од друштва согласно закон, приходи од обуки, приходи по основ на сомнителни и спорни побарувања и други приходи. Најголемо учество во останатите приходи од дејност имаат приходите од дистрибуција на берзански податоци во износ од 2.519.577 денари (истите во 2016 година изнесуваа 2.291.199 денари), приходи од превентивно одржување на софтверскиот систем за брокерско работење во висина од 1.755.680 денари, приходи од спонзорства и котизации во износ од 929.749 денари. Понатаму, тука следуваат приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од 1.316.409 денари (остварени се 1.806.089 денари во 2016 година), приходи од 505.500 денари по основ на користење на веб страницата на Берзата за објави согласно закон (во 2016 година по овој основ се остварени 465.000 денари), приходи од закуп на медиумски простор во износ од 315.222 денари (во 2016 година приходите по овој основ изнесуваа 251.389 денари), приходи од одржување на обуки во износ од 28.941 денари, приходи од наплата на отпишани побарувања во висина од 86.806 денари и други приходи во висина од околу 147.084 денари.

**Вкупните расходи** остварени во 2017 година изнесуваат **33.500.844 денари** и истите се за околу 10% повисоки од остварените во 2016 година кога изнесувале 30.448.398 денари. Доколку се изврши прилагодување на вкупните расходи во 2017 и 2016 година за износот на регулаторниот трошок, расходите во 2017 година изнесуваат 24.275.724 денари и истите се за 5,8% повисоки во споредба со вкупните расходи во 2016 година (22.943.934 денари).

Во 2017 година за **провизии и надоместоци** направени се расходи во износ од **9.291.953 денари**, што претставува 27,74% од вкупните трошоци. Овие трошоци се направени за плаќање на банкарски провизиии и, пред се', за надоместот за надзор што Берзата го плаќа на Комисијата за хартии од вредност во висина од 0,006% од пазарната капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување од претходната година. Согласно Записникот од контролата спроведена од страна на Комисијата за хартии од вредност на 01.02.2017 година вкупната пазарна капитализација на која Берзата треба да плати надомест на надзор на берза изнесува 153.752.010.460 денари и истата е пресметана на сите пазарни сегменти, вклучувајќи го и Слободниот пазар и хартиите од вредност кои согласно Одлука на Одборот на директори беа избришани од овој пазарен подсегмент. Берзата најпрвин достави Приговор до Комисијата на Записникот, а потоа беа преземани низа други активности во врска со ова прашање коишто подетално се опишани во точка 8.3.1 од овој Извештај. Согласно заклучокот од состанокот одржан помеѓу претставници на Министерството за финасии, Комисијата за хартии од вредност, Берзата и Депозитарот во врска со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност, Берзата кон крајот на годината ги подмири сите достасани обврски кон Комисијата. Оттаму, вкупниот износ на надомест за надзор за 2017 година, согласно пресметките на Комисијата, изнесува 9.225.120 денари, наспроти планскиот износ од 7.000.000 денари којшто беше утврден на начин што за период од шест месеци беше планиран надомест пресметан врз основа на 0,006% од пазарната капитализација на сите пазарни сегменти на 28.12.2016 година, а за период од шест месеци надомест за надзор што би претставувал 17% од приходите што ги остварува Берзата по Тарифник - како што беше порано, пред Комисијата да ја измени методологијата. Како последица на сето ова надоместокот за надзор во 2017 година е за 31,79% повисок во однос на планскиот.

**Трошоци за вработени** во 2017 година изнесуваат **12.867.235 денари** и се состојат од бруто плати и останати користи за вработени. Истите изнесуваат 38,41% од вкупните расходи и се за 6,96% повисоки во однос на 2016 година, како резултат на ангажирањето на нов вработен во Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка согласно преовладувачките пазарни услови, како и заради нагорни корекции на платите на неколку вработени почнувајќи од месец јули 2017 година, што е направено во согласност со новиот Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места на Берзата. Бруто платата на извршниот член на Одборот на директори изнесува 3.295.462 денари.

**Амортизацијата** на средствата е пресметана во износ од **3.219.465 денари**, што претставува 9,61% од вкупните расходи и е со 97,56% остварување во однос на планската амортизација. Оваа ставка се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опремата. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Во 2017 година **исправката на вредност на побарувањата** изнесува **524.752 денари**. Согласно Сметководствените политики на Берзата за побарувањата што Берзата ги има по основ на неплатен надомест за котација за 2014, 2015 и 2016 година, и за друштвата за кои во 2017 година е отворена стечајна постапка (во 100% износ), пресметана е исправка на вредност на побарувања во износ од 374.752 денари. Дополнително, за вкупно четири друштва коишто од воведувањето на задолжителната котација во 2013 година воопшто ги немаат подмирено своите обрски по основ надомест за котација, согласно член 18, став 4 од Сметководствените политики на Берзата, направена е исправка на 50% од тековните побарувања (за 2017 година) во вкупен износ од 150.000 денари.

**Останатите расходи од дејност** изнесуваат **7.170.601 денари** и се за 5,70% повисоки во однос на остварените во 2016 година. Истите во вкупните расходи учествуваат со 21,40%, а се однесуваат на следните ставки:

- **Материјалните и слични трошоци** изнесуваат 1.677.007 денари или 5% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично). Истите се за 3,62% пониски во споредба со остварените во 2016 година.

- **Трошоците за услуги** изнесуваат 3.910.502 денари, бележат учество од 11,67% во вкупните расходи и истите се за 18,23% повисоки во споредба со трошоците за услуги остварени минатата година. Во рамките на трошоците за услуги позначајно учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 1.898.173 денари и истите се за 93,52% повисоки во однос на минатогодишните 980.850 денари, поради отпочнувањето со плаќање на трошокот за превентивно одржување на софтверот за брокерско работење спрема берзата во Бања Лука. Во 2017 година се направени трошоци за годишната конференција на Берзата во износ од 331.370 денари, трошоци за телефонски и комуникациски услуги и интернет во износ од 394.941 денари, а останатите трошоци за услуги се направени за услуги за ревизија на финансиските извештаи, за поштарина, за обезбедување, консултантски услуги и слично.

- **Трошоците за надомест за Одборот на директори** изнесува 480.000 денари и тие изнесуваат 1,43% од вкупните расходи. Согласно важечката одлука на Собранието на акционери на Македонска берза АД Скопје месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на Македонска берза се исплатува само за неизвршните членови кои не се акционери или вработени во акционери на Берзата.

- За **службени патувања** во текот на годината се направени трошоци во износ од 245.627 денари и истите се помали за 50% од планираните за 2017 година.

- **Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда** изнесуваат 559.280 денари и претставуваат 1,67% од вкупните расходи. Овие трошоци се за 1,53% повисоки во однос на минатогодишните при што е реализирана промотивна интернет кампања за новиот продукт E-Trader.

- **Трошоци за осигурување** се направени во висина од 170.967 денари. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени и извршниот директор и се за 3% повисоки во споредба со 2016 година.

- На име **Други трошоци**, направени се трошоци во износ од 127.218 денари и истите се намалени за 60,2% во однос на трошоците остварени во 2016 година поради тоа што во 2017 година Берзата престана да плаќа членарина во Федерацијата на Евроазиски берзи каде што дојде до промена на статусот на Берзата од полноправна членка во статус на членка набљудувач. Во рамките на Други трошоци спаѓаат данок на имот, членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

- **Уделот во загубата на заедничкото вложување** на Македонската берза во СЕЕ Линк ДОО Скопје изнесува 425.270 денари и претставува 33,33% од вкупната загуба на друштвото. Уделот во загубата на заедничкото вложување во вкупните трошоци на Берзата учествува со 1,27%.

- **Нето загуба од курсни разлики** е остварена во висина од 1.568 денари.

* * *

Како резултат на повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2017 година оствари **Добивка пред оданочување** во износ од **4.134.228 денари**. Пресметан е **Данок на добивка** во износ од **214.316 денари** и **Добивката за деловната 2017 година** изнесува **3.919.912 денари**.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2017 година изнесува **146.899.956 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, орочени депозити во банки со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во паричен инвестициски фонд) учествуваат со

54,5% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Влогот на Македонската берза во заедничкото друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје (основано заедно со берзите од Загреб и Софија во 2016 година) е во износ од 984.589 денари. Овој износ претставува 1/3 од основната главнина на ова друштво. Учеството на основните средства - материјални и нематеријални (60.260.910 денари) изнесува 41% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 5.633.035 денари или 3,8% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2017 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата за надомест за котација (2.418.747 денари) и побарувањата за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2017 година што доспева за плаќање на 15.01.2018 година (1.254.165 денари).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2017 година изнесува **146.899.956 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2017 година изнесуваат 3.507.514 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.793.466 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 293.104 денари.

Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2017 година изнесуваат 143.392.442 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 35.647.941 денари, добивката за финансиската година во износ од 3.919.912 денари и задржаната добивка во износ од 326.829 денари.

**Одбор на директори** **Скопје, Март 2018 година**

**П р е т с е д а т е л**

**Коста Костовски**

**П Р И Л О Г**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**на ден 31.12. 2017 година**

**АКТИВА**

**во денари**

| Назив | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| **1. Парични средства и парични еквиваленти** | **291.527** | **3.081.943** | **1.057** |
| **2. Кредити на и побарувања од банки** | **57.644.544** | **59.089.665** | **103** |
| Депозити | 57.501.000 | 59.001.001 | 103 |
| Останати побарувања | 143.544 | 88.664 | 62 |
| **3. Вложувања во сопственички инструменти** | **14.222.208** | **17.849.814** | **126** |
| **4. Заеднички вложувања** | **1.409.859** | **984.589** | **70** |
| **5. Нематеријални средства** | **1.209.188** | **976.153** | **81** |
| **6. Материјални средства** | **61.633.069** | **59.284.757** | **96** |
| **7. Останати средства/побарувања** | **4.452.177** | **5.193.544** | **117** |
| Останати побарувања | 4.452.177 | 5.193.544 | 117 |
| **8. Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **438.840** | **439.491** | **100** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **141.301.412** | **146.899.956** | **104** |

**ПАСИВА**

**во денари**

| Назив | 2016 | 2017 | Индекс 2017/2016 |
|---|---|---|---|
| **1. Обврски** | **1.828.883** | **3.507.514** | **192** |
| Останати обврски | 1.506.296 | 3.214.410 | **213** |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 322.587 | 293.104 | 91 |
| **2. Капитал и резерви** | **139.472.529** | **143.392.442** | **103** |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | **100** |
| Резерви | 35.647.941 | 35.647.941 | **100** |
| Добивка за финансиска година | | 3.919.912 | 0 |
| Загуба за финансиска година | 65.005 | | 0 |
| Задржана добивка | 391.834 | 326.829 | 83 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **141.301.412** | **146.899.956** | **104** |

## БИЛАНС НА УСПЕХ

### во периодот од 01.01.2017-31.12.2017 година

во денари

| Приходи | 01.01.-31.12.2016 | 01.01.-31.12.2017 | Индекс 2017/2016 | Програма 2017 | Индекс 2017/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Приходи од камати** | **1.192.731** | **1.199.158** | **101** | **1.250.000** | **96** |
| **2. Приходи од усогласување до објективна вредност на удели** | **342.862** | **417.606** | **122** | 300.000 | **139** |
| **3. Приходи од провизии и надоместоци** | **23.438.082** | **28.413.340** | **121** | **25.413.000** | **112** |
| Надомест за членство | 3.381.500 | 2.936.000 | 87 | 2.856.000 | 103 |
| Надомест од тргување | 11.806.582 | 17.374.340 | 147 | 14.457.000 | 120 |
| Приходи од котација | 8.250.000 | 8.100.000 | 98 | 8.100.000 | 100 |
| **4. Останати приходи од дејност** | **5.409.717** | **7.604.968** | **141** | **7.752.750** | **98** |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **30.383.392** | **37.635.072** | **124** | **34.715.750** | **108** |
| **Расходи** | **01.01.-31.12.2016** | **01.01.-31.12.2017** | **Индекс 2017/2016** | **Програма 2017** | **Индекс 2017/План** |
| **1. Расходи за провизии и надоместоци** | **7.573.482** | **9.291.953** | **123** | **7.075.000** | **131** |
| Провизии од банки | 69.018 | 66.833 | 97 | 75.000 | 89 |
| Берзанска провизија за КХВ | 7.504.464 | 9.225.120 | 123 | 7.000.000 | 132 |
| **2. Трошоци за вработени и останати користи за вработени** | **12.030.045** | **12.867.235** | **107** | **13.000.000** | **99** |
| **3. Амортизација** | **3.133.487** | **3.219.465** | **103** | **3.300.000** | **98** |
| **4. Исправка на вредност на побарувања** | **756.601** | **524.752** | **69** | **500.000** | **105** |
| **5. Останати расходи од дејност** | **6.784.143** | **7.170.601** | **106** | **7.930.000** | **90** |
| Материјални и слични трошоци | 1.739.941 | 1.677.007 | 96 | 1.700.000 | 99 |
| Трошоци за услуги | 3.307.533 | 3.910.502 | 118 | 4.180.000 | 94 |
| Одбор на директори | 426.668 | 480.000 | 112 | 480.000 | 100 |
| Трошоци за службени патувања | 273.666 | 245.627 | 90 | 500.000 | 49 |
| Трошоци за репрез., реклама и пропаганда | 550.842 | 559.280 | 102 | 700.000 | 80 |
| Осигурување | 165.885 | 170.967 | 103 | 170.000 | 101 |
| Други трошоци | 319.608 | 127.218 | 40 | 200.000 | 64 |
| **6. Удел во загубата на заед. вложување** | **170.180** | **425.270** | **250** | | |
| **7. Нето загуба од курсни разлики** | **460** | **1.568** | **341** | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **30.448.398** | **33.500.844** | **110** | **31.805.000** | **105** |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **-65.005** | **4.134.228** | | **2.910.750** | **142** |
| **Данок на добивка** | **0** | **214.316** | | | |
| **Добивка (загуба) за финаниската година** | **-65.005** | **3.919.912** | | | |